МЦМС



# КАРАКТЕРОТ НА ПОЛИТИЧКАТА ДЕБАТА НА ТВИТЕР

## СПОРЕДБА ПОМЕЃУ ДВЕТЕ НАЈГОЛЕМИ МАКЕДОНСКИ ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ЛИДЕРИ

**Наслов:**

Карактерот на политичката дебата на Твитер: Споредба помеѓу двете најголеми македонски политички партии и лидери

**Издавач:**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачите:**

Александар Кржаловски, директор на МЦМС

**Автори:**

Александар Костадинов, МЦМС (статистичка обработка и анализа)
Фанија Ивановска, МЦМС (уредување на текст, анализа и компјутерска реализација)

**Контакт:**

ул. Никола Парапунов, 41а пошта фах 55, 1000 Скопје

http://mcms.mk
http://facebook.mk/mcms.mk
http://twitter.com/mcms_mk

Скопје, септември 2020 година

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на било кој дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на било кој начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на http://www.mcms.mk

# СОДРЖИНА

Листа со кратенки ........................................................................................................ 4

Вовед ........................................................................................................................ 5

Методологија ............................................................................................................ 5

Резултати .................................................................................................................. 7

Анализа на совпаѓања ............................................................................................. 11

Статистика на објави .............................................................................................. 20

Заклучоци ................................................................................................................ 22

Референци ............................................................................................................... 23

# ЛИСТА СО КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство |
| СДСМ | Социјалдемократски сојуз на Македонија |
| ЕУ | Европска Унија |
| НАТО | Северноатлантската алијанса (англиски: North Atlantic Treaty Organisation (NATO) |

# ВОВЕД

Социјалните платформи, особено Фејсбук и Твитер земаат се поголем замав во политичките кампањи. Па така, на македонската политичка сцена се бележи раст на користењето на социјалната платформа Твитер во последните години. Иако Твитер како медиум се користи веќе неколку години од страна на политичките партии и нивните лидери, сепак од добиените податоци може да се заклучи дека интензитетот на користење е поголем за време на политичка кампања. Во следниот бриф споделуваме некои согледувања за карактерот на политичката дебата на Твитер помеѓу двете најголеми македонски политички партии.

Предмет на анализа на овој бриф се Твитер профилите на најголемите македонски партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, како профилите на нивните лидери. Периодот кој беше предмет на анализа е 3 јануари – 12 јули 2020 г., односно месеците од кога започнува функционирањето на преодната влада, па се до почетокот на предизборниот молк од предвремените парламентарни избори. Објавите (postings) се снимени со помош на софтвер за машинско учење, каде во набљудуваниот период се снимени 3.579 твитер објави од четирите официјални твитер профили.

*Табела 1. Преглед на твитер профилите, линкови до профилите и број на твитер објави*

| Автор | Линк до профилот | Бр. на твитер објави |
|---|---|---|
| @SDSMakedonija | https://twitter.com/sdsmakedonija?lang=en | 1.702 |
| @VMRO_DPMNE | https://twitter.com/VMRO_DPMNE | 510 |
| @Zoran_Zaev | https://twitter.com/Zoran_Zaev | 871 |
| @MickoskiHM | https://twitter.com/MickoskiHM | 496 |

Од секој од наведените профили беа снимени твитер објавите кои се објавени во набљудуваниот период и во зависност од честотата на објави, бројот варира значително, како што е прикажано во табелата погоре.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Овој бриф ги анализира твитер објавите на двете најголеми политички партии СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ како и на нивните лидери Зоран Заев и Христијан Мицкоски. Вкупно 3.579 твитер објави беа симнати со помош на софтверската апликација Orange3[1] која се користи за машинско учење и податочно рударење[2] или т.н. Data Mining.

Со посебно пребарување за секоја од официјалните твитер профили од партиите и нивните лидери беше креиран податочен сет каде се обезбедија варијаблите поврзани со број на твитер следбеници на профилот, текстот од твитер објавата, број на пријатели, број на допаѓања на секоја објава и време на публикување.

Сите податоци од социјалната платформа поминаа низ процес на препроцесирање. За тој процес е користен Orange3 со неколку услови: бришење на знаци и симболи кои ги користат програмерите, а се непотребни за анализата (RegEx- Regular expressions[3]), подготовка на листа на зборови кои треба да се отстранат затоа што немаат лексичко значење (stop word list). Ова во најголема мера се однесува на сврзници и прилози: на, во, кај, и, со, итн.

[1] https://orange.biolab.si/

[2] https://mk.wikipedia.org/wiki/%D0%9F%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%87%D0%BD%D0%BE_%D1%80%D1%83%D0%B4%D0%B0%D1%80%D0%B5%D1%9A%D0%B5

[3] Пример за RegEx: ^, [, \t,],+,|,[, \t, ],+,$.

*Слика 1. Приказ од моделирање на податоците*




Во следната фаза беше составен т.н. облак од зборови (Word Cloud) кој визуелно ја покажува честотата на користење на одреден збор во твитер објавите. Со модулот за **совпаѓање**, се анализирани најчесто користените клучни зборови во твитер објавите, како и контекстот во реченицата каде се споменуваат.

# РЕЗУЛТАТИ

Бројот на следбеници на секој од профилите е претставен на графиконот подолу. Како последен податок е земен крајниот датум на набљудувањето, 12 јули 2020 г. Од четирите набљудувани профили, само профилот на Зоран Заев е верификуван (до името на авторот има сина значка која означува дека профилот е автентичен[4]), додека останатите три се неверификувани профили, иако во називот стои дека се официјални.

*Графикон 1. Број на следбеници на профилот (12 јули 2020 г.)*




*Извор: Twitter; сопствена обработка*

Од графиконот погоре може да се види дека најголем број на следбеници на Твитер има Зоран Заев (21.032), потоа следи профилот на СДСМ (8.894), ВМРО-ДПМНЕ (7.900) и Христијан Мицкоски (5.598). Во однос на креирање на твитер профил, најстар профил од набљудуваните е оној на ВМРО-ДПМНЕ кој бил креиран во јули 2009 г., потоа на СДСМ (септември 2009 г.), потоа следи профилот на Зоран Заев (август 2013 г.) и последен креиран е профилот на Христијан Мицкоски  во јуни 2017 г.

Добиените резултати се презентирани во следниот дел. Од почетокот на јуни 2020 г., откако беше одреден изборниот ден и деновите за почеток на кампањата, се забележува тренд на зголемување на објавите на Твитер од сите набљудувани профили. Споредбата на објави може да се проследи на графикон 2, каде после 24 јуни 2020 г,, кога започна официјалниот старт на кампањата бројот на дневни објави започнува значително да расте. Така на пример, во последните 3 недели од кампањата, од профилот на Зоран Заев беа објавувани помеѓу 10 до 20 објави дневно.

[4] https://help.twitter.com/en/managing-your-account/about-twitter-verified-accounts#:~:text=The%20blue%20verified%20badge%20on,of%20public%20interest%20is%20authentic.&text=Verified%20badges%20must%20be%20applied,subject%20to%20permanent%20account%20suspension.

*Графикон 2. Постови на твитер – Христијан Мицкоски и Зоран Заев (3 јануари- 12 јули 2020 г.)*




Исто како со профилите на партиските лидери, на графикон 3 се прикажани објавите од профилите на партиите. Во овој случај, бидејќи од профилот на СДСМ почесто се објавуваат објави, за овој профил се снимени 1.702 твитер објави со цел да се опфати целиот период започнувајќи од 3 јануари до 12 јули 2020. Како што може да се види од графиконот, бројот на дневни објави кај двете партии на почетокот од годината бил под 10 објави дневно. Со официјалниот почеток на кампањата, овој број значително се зголемува кај двата профила во периодот кога започнува изборната кампања.

*Графикон 3. Постови на твитер – ВМРО ДПМНЕ и СДСМ (од 3 јануари до 12 јули 2020)*



Од претходните графикони можеме да заклучиме дека СДСМ и Зоран Заев значително почесто ја користат оваа социјална мрежа за време на предизборната кампања како начин за анимирање на нивните поддржувачи и потенцијални гласачи. Доколку се фокусирме на на периодот од 24 јуни до 12 јули 2020г., СДСМ имаше 758 објави, додека ВМРО-ДПМНЕ објавија содржини 174 пати. Исто така, од профилот на Зоран Заев за време на кампањата се објавија 266 твитови, наспроти профилот на Христијан Мицкоски со 154 твитови. Интересно е да се напомене дека и покрај тоа што профилот на Зоран Заев има околу два пати повеќе следбеници од официјалниот профил на СДСМ, сепак во предизборната кампања објавите главно ги испраќаа преку партискиот профил.

Во просек, профилот на ВМРО-ДПМНЕ објавува по 8,5 објави дневно, додека тој на СДСМ по 34,8. На двата профила најголемиот број објави во еден ден се случиле на последниот ден од кампањата, СДСМ - 56 објави, а ВМРО- ДПМНЕ - 21.

Резултатите добиени од текстуалната анализа на профилите на партиските лидери се прикажани на сликите 2 и 3 како облак од зборови. Облак од зборови (Word Cloud) се генерира на начин што сите твитер објави во набљудуваниот период (3 јануари-12 јули) од избраниот профил се групираат во корпус од текст кој потоа се препроцесира и ги прикажува најчесто користените зборови од тој корпус.

На слика 2 е претставен облак од зборови од твитер профилот на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски. Големината на секој од зборовите е директно поврзана со честотата на спомнувањето на зборот. Почесто спомнување, поголем збор. Помалите зборови што се подалеку од центарот на облакот од зборови се помалку спомнуваат, но се појавуваат во одреден контекст. Од сликата може да се види дека најчесто споменати зборови се мотото на кампањата „Обнова“ и зборот „Македонија“.

*Слика 2. Анализа на текст од 496 твитер постови од твитер профилот на Христијан Мицкоски*



Во случајот со Зоран Заев, освен слоганите на кампањата, најмногу се спомнува зборот „граѓаните“, „ЕУ“ и „НАТО“ како што е прикажано на слика 3. Исто така, се користи „нашата држава“ наместо името на државата.

*Слика 3. Анализа на текст од 871 твитер постови од твитер профилот на Зоран Заев*




Во последните три дена од официјалната кампања, двете партии го зголемија бројот на објавите посветен на мотивирање на гласачите со експлицитно повикување да излезат на изборите. Кај СДСМ, 48 објави од вкупно 138 се однесуваа на оваа тема, додека кај ВМРО-ДПМНЕ 10 од 43 објави.

На графикон 4 се прикажани 10 твитер објави на партиските лидери кои добиле најмногу допаѓања за време на предизборната кампања 20 јуни – 12 јули 2020 г. Во објавите кај Зоран Заев во овој период најмногу допаѓања има објавата со содржина „Покажавме дека можеме да го избереме патот по кој денес чекориме, обединети со најдобрите и најнапредните“ која е објавена на 28 јуни и има 298 допаѓања. Во текот на целиот набљудуван период, твитер објава со најмногу допаѓања е „Република Северна Македонија – и формално 30 земја-членка на НАТО! Во Стејт Департментот во Вашингтон депониран е ратификуваниот Протокол за членство во НАТО на Република Северна Македонија. Следува подигнување на нашето знаме пред седиштето на Алијансата во Брисел.“ која е објавена на 27 март 2020 г.

Во објавите на Христијан Мицкоски во периодот прикажан на графикон 4, најмногу допаѓања има објавата „Време е да се исправиме и да ги исправиме неправдите. Доста се неуспеси. Време е за чест, почит и развој. Време е за обнова и повеќе за секого.“ која е објавена на 23 јуни 2020 г. и има 264 допаѓања. Во текот на периодот од 3 јануари до 12 јули 2020 г., објава која има најмногу допаѓања има објавата „Дисидентите! Зошто? Затоа што ја сакаат мајка МАКЕДОНИЈА!“ кој е објавена на 15 февруари 2020 г.

*Графикон 4. 10 твитер објави на партиските лидери кои добиле најмногу допаѓања (20 јуни -12 јули 2020 г.)*




## АНАЛИЗА НА СОВПАЃАЊА

Анализа на **совпаѓања** на твитер објавите го прикажува контекстот каде бараниот збор се појавува во објавата. Така на пример, со пребарување на зборот *економија*, алатката за совпаѓање (concordance) во Orange3 ни ја анализира честотата на користење на бараниот збор како и максимални 10 зборови пред и после бараниот збор. Бараниот збор се прикажува во средната колона, додека совпаѓањето на бараниот збор и контекстот во кој е употребен се прикажани во табелите кои следат. Во набљудуваните 496 твитер постови од профилот на Христијан Мицкоски, зборот „**економија**" се споменува во 10 објави со следното совпаѓање:

*Табела 2. Споменување на зборот „економија" во твитовите на Христијан Мицкоски*

| Бр. | Зборот „економија" во твитовите на Христијан Мицкоски | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Време е за стабилна | економија | на ниски даноци , намален рамен данок на |
| 2 | уште повеќе неуспеси, колабирана | економија | растечка невработеност и зголемено |
| 3 | Очекувам тежок период за македонската | економија | нема ништо од блескањето на Заев! |
| 4 | Можни се три сценарија за македонската | економија | и сите завршуваат со огромно зголемување на |
| 5 | СДСМ намерно ја втурнаа македонската | економија | и граѓани во апокалиптично сценарио водени |
| 6 | пензискиот фонд , а кој за македонската | економија | ќе значат дополнителни 200 милиони евра. |
| 7 | Во овие тешки времиња за македонската | економија | купувајте македонски производи и спасете |
| 8 | Моторот на една | економија | се инвестициите во која мора поголем |
| 9 | додадена вредност на македонската | економија | Нашиот и мојот фокус ќе биде економскиот |
| 10 | над 700 луѓе. Развојот на нашата | економија | треба да се темели врз успешните примери |

Во набљудуваните 871 твитер објави од профилот на Зоран Заев, зборот „**економија**“ се споменува во 57 објави со следното совпаѓање:

*Табела 3. Споменување на зборот „економија“ во твитовите на Зоран Заев*

| Бр. | Зборот „економија“ во твитовите на Зоран Заев | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Можеме која носи сигурност, силна | економија | и европска иднина. |
| 2 | големи инвестиции во македонската | економија | ,имаме реална програма за реален |
| 3 | граѓаните, на македонската | економија | ! |
| 4 | младите одбираат нова развојна | економија | ,која носи уште повеќе шанси за |
| 5 | Новата развојна | економија | носи шанси за младите, повисок |
| 6 | Со новата македонска развојна | економија | платите, пензиите и финансиската |
| 7 | 15 јули граѓаните одбираат нова развојна | економија | ,одбираат парите уште повеќе да |
| 8 | овозможува развој на македонската | економија | и раст на приватниот сектор. |
| 9 | на мерки за помош на македонската | економија | пуштени се во оптег 1,1 милијарда |
| 10 | за побрз развој на македонската | економија | ,за подобра иднина . |
| 11 | бидејќи така ѝ помагаме на домашната | економија | и на нашите вредни производители |
| 12 | бескомпромисна битка со сивата | економија | ,а граѓаните ни се партнери во тој. |
| 13 | на мандатот ќе ја вратиме нашата | економија | на одржлив раст од 4 %. Поддршката |
| 14 | Гевгелија: Новата македонска | економија | обезбедува уште повеќе пари назад |
| 15 | инспектори со што ја намалуваме сивата | економија | . #Можеме уште повеќе, уште |
| 16 | Новата македонска | економија | обезбедува уште повеќе пари назад |
| 17 | Градиме нова македонска развојна | економија | во која растат платите и пензиите. |
| 18 | граѓани! Стабилната и развојна | економија | ќе обезбеди пензиите да растат |
| 19 | . развој на домашната македонска | економија | ,на продолжување на интегративниот |
| 20 | држава со нова, развојна македонска | економија | Држава со европски здравствен |
| 21 | повеќе пари за новата македонска | економија | , за зелената агенда, за капитални |
| 22 | за нашите граѓани и нашата, македонска | економија | #Можеме |
| 23 | на нашата, домашна македонска | економија | https :// t . co / n0Xzc78Iom |
| 24 | со развој на нова, развојна македонска | економија | Ги имаме условите – имаме работлив |
| 25 | ја ставивме на правиот пат. Од | економија | во минус каква што наследивме, |
| 26 | денес имаме стабилна, развојна | економија | , која стои исправено пред налетот на |
| 27 | истото да го применат во македонската | економија | . #Можеме #СДСМ |
| 28 | продолжуваме да ја развиваме нашата | економија | Како одговорна партија остануваме |
| 29 | закана по нашето здравје , нашата | економија | . # ЗаштитиСе |
| 30 | градиме нова развојна македонска | економија | . |
| 31 | граѓаните одат директно во домашната | економија | , за домашни производи и услуги. |
| 32 | за ревитализирање на македонската | економија | |
| 33 | мерки ја заживуваме македонската | економија | и ја зголемуваме приватната |
| 34 | на рестартираме македонската | економија | . https :// t . co / FmYEoIRCpe |
| 35 | на нова развојна македонска | економија | . Ги повикувам сите партии и |
| 36 | и нова развојна македонска | економија | . https :// t . co / U6oQzELPJB https :// |
| 37 | граѓаните за да ѝ помогнат на домашната | економија | . Тие ќе трошат таму каде што |
| 38 | Заштита на здравјето Нова | економија | Силна демократија ➡ https :// t . co |
| 39 | на растот и развојот на македонската | економија | . https :// t . co / iFS5Vt2xS1 |
| 40 | подинамичен развој на македонската | економија | вложување во домашно |
| 41 | и за заживување на македонската | економија | . https :// t . co / 4XDrPqgzLv |
| 42 | вие сте моторот на македонската | економија | . На овој Први мај сакам да ви се |
| 43 | веднаш да ѝ помогне на македонската | економија | . Заедно ќе се справиме со овој |
| 44 | или биле дел од неформалната | економија | овозможуваме брз влез во системот |
| 45 | Инвестициите растат, градиме силна | економија | . https :// t . co / VIQfI4z9oi |
| 46 | најголемиот скок на македонската | економија | - најниска невработеност и рекорден |
| 47 | Во програмата на # СДСМ за | економија | предвидуваме : ✅ 100 . 000 нови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 48 | е значаен дел од нашата | економија | https :// t . co / 97j1o1ivns |
| 49 | Истовремено НАТО значи силна | економија | , инвестиции , нови работни места и |
| 50 | чекорите кои се преземени за стабилна | економија | . ➞ https :// t . co / wl4XO7jdUU https |
| 51 | клучно за градење на националната | економија | и за развивање на критичката |
| 52 | на критичката мисла. Без силна | економија | и прогресивна младина нема ни |
| 53 | влечеме многу идеи за дигитална | економија | , зелени ра … |
| 54 | влечеме многу идеи за дигитална | економија | , зелени работни места и |
| 55 | вградиме дигитална и инвентивна | економија | , како нов двигател во периодот што |
| 56 | креативна, модерна, дигитална | економија | – ова е нашата цел. |
| 57 | на инвеститорите и македонската | економија | стабилно расте. |

Зборот „**инвестиции**“ се спомнува 18 пати во објавите од профилот на Христијан Мицкоски и 17 пати во објавите на Зоран Заев (табела 4 и табела 5).

*Табела 4. Споменување на зборот „инвестиции “ во твитовите на Христијан Мицкоски*

| Бр. | Зборот „ инвестиции “ во твитовите на Христијан Мицкоски | | |
|---|---|---|---|
| 1 | како до странски и домашни | инвестиции | , како до реформи во здравството и |
| 2 | Се обврзуваме на 4 милијарди евра за | инвестиции | во инфраструктурата , бесплатен |
| 3 | Македонија има огромен потенцијал за | инвестиции | во подрачјето на RND ( Центри за |
| 4 | ќе се фокусираме на реализација на | инвестиции | насочени кон оние инфраструктурни и |
| 5 | поддршка за стопанството со | инвестиции | од 4 милијарди евра , годишен раст од |
| 6 | Крупни | инвестиции | во патната , енергетската и |
| 7 | буџетските поддршки , како и посериозни | инвестиции | во секторот. #ОдбериОбнова |
| 8 | раст ,одржување на високи капитални | инвестиции | од буџетот , посилна инвестициска |
| 9 | но и преку нови странски | инвестиции | и раст на извозот. |
| 10 | земјоделскиот сектор, крупни | инвестиции | во патната , енергетската и |
| 11 | под 10 %, домашни и странски | инвестиции | во износ од 4 милијарди евра за |
| 12 | милијарди € странски и домашни | инвестиции | , над 90 % реализација на капитални |
| 13 | над 90 % реализација на капитални | инвестиции | . Обновата доаѓа ! |
| 14 | патишта во државата ; 2 милијарди евра | инвестиции | во патишта ; |
| 15 | Се обврзавме за : 》 домашни и странски | инвестиции | од над 4 милијарди евра ; 》 рамен |
| 16 | Потребни се реални капитални | инвестиции | , а не фингирани извештаи . Се |
| 17 | ќе реализира проекти , капитални | инвестиции | за развој на Македонија во вредност |
| 18 | Овој град заслужува поголемо внимание и | инвестиции | . Моторот на една економија се |

*Табела 5. Споменување на зборот „инвестиции “ во твитовите на Зоран Заев*

| Бр. | Зборот „инвестиции “ во твитовите на Зоран Заев | | |
|---|---|---|---|
| 1 | платите, и за повисоки пензии и за | инвестиции | во инфраструктура . Покажавме |
| 2 | Следуваат големи | инвестиции | во македонската економија , имаме |
| 3 | повисоки плати и пензии, нови | инвестиции | , работни места. Сето друго е само |
| 4 | #Можеме обезбедува повеќе | инвестиции | , нови работни места и повисоки |
| 5 | Со НАТО има | инвестиции | , со НАТО има демократија , со |
| 6 | за зелената агенда, за капитални | инвестиции | , за земјоделство, за канализации, |
| 7 | не ги попречи капиталните | инвестиции | . Напротив , имаме забрзано темпо |
| 8 | Реализирани се сериозни | инвестиции | во подобрување на патната |
| 9 | систем преку големи капитални | инвестиции | . Ги подобривме условите во 28 |
| 10 | Капиталните | инвестиции | продолжуваат со забрзана |
| 11 | Мираковска . Влегуваме со силни | инвестиции | во инфраструктирата , со уште |
| 12 | економска соработка и можни унгарски | инвестиции | во Северна Македонија. |
| 13 | Членството во НАТО значи и повеќе | инвестиции | , нови работни места и повеќе пари |
| 14 | НАТО значи силна економија, | инвестиции | , нови работни места и повисоки |
| 15 | Грција е порасната на 20 %, има нови | инвестиции | , сè повеќе компании соработуваат |
| 16 | зголемени плати и пензии, нови | инвестиции | , за процесите кои значат конечно |
| 17 | европски фондови, странски | инвестиции | , работни места, заштитен |

Зборот „**СДСМ**“ од твитовите на Христијан Мицкоски се споменува во 33 објави, во следниов контекст:

*Табела 6. Споменување на зборот „СДСМ “ во твитовите на Христијан Мицкоски*

| Бр. | Зборот „СДСМ “ во твитовите на Христијан Мицкоски | | |
|---|---|---|---|
| 1 | овој пат на масата на коалицијата | СДСМ | - БЕСА е Македонија . |
| 2 | ќе го победиме и ова раководство на | СДСМ | предводено од Заев .#ИсправиСеМакедонијо |
| 3 | од оваа политичка пандемија наречена | СДСМ | и Заев која трае веќе три години. |
| 4 | и е факт е дека ова раководство на | СДСМ | предводено од Заев ја претвори нашата |
| 5 | предводена од ова раководство на | СДСМ | и Зоран Заев. |
| 6 | потреба Заев и ова раководство на | СДСМ | ниту минута повеќе да ги потценува и |
| 7 | масовно и да го казниме ова раководство на | СДСМ | и Зоран Заев, да се спасиме од оваа |
| 8 | од руината што ова раководство на | СДСМ | и Зоран Заев ќе ни ја остават. |
| 9 | Изборот е помеѓу ова раководство на | СДСМ | и помеѓу една нова енергија што ја носи |
| 10 | а тоа е најпрвин да ја поразиме | СДСМ | и Зоран Заев и да ја совладаме пандемијата |
| 11 | ппредводена од ова раководство на | СДСМ | и Заев. Македонија мора да ја вратиме во |
| 12 | одговорноста за ова е на власта на | СДСМ | . |
| 13 | или повеќе за ова раководство на | СДСМ | и Зоран Заев или повеќе за Македонија и |
| 14 | Заев и ова раководство на | СДСМ | се веќе минато . Последниот бастион на |
| 15 | граѓани да го поразиме ова раководство на | СДСМ | и Зоран Заев и тоа веднаш. |
| 16 | зошто @VMRO_DPMNE е различно од | СДСМ | , изборот е или измами или обнова ! |
| 17 | победи изворот на кризата Зоран Заев и | СДСМ | . https :// t . co / usnxpXS1gX |
| 18 | Поразително е што ова раководтсво на | СДСМ | , тргна на избори еднострано и со диктат . |
| 19 | во таа влада е на Зоран Заев и | СДСМ | . Тие сакаат да претстават дека јас и ВМРО - |
| 20 | Лагата е стил на однесување на | СДСМ | и овие луѓе . Сето она што го гледавме во |
| 21 | од страна на оваа влада на | СДСМ | , која што е во заминување , ќе биде |
| 22 | состојба . ВМРО - ДПМНЕ ќе го победи | СДСМ | во било кое време но ако цената за тоа е |
| 23 | дека брзите избори за кои се залага | СДСМ | ... 1 / 2 |
| 24 | одговор треба да дадат господата од | СДСМ | е , која парапартиска структура ме следи , а |
| 25 | граѓаните да одговорат : Дали Заев и | СДСМ | намерно ја втурнаа македонската економија |
| 26 | Повторно | СДСМ | и Зоран Заев манипулираат со мерките за |
| 27 | предлог за Судскиот совет е активист на | СДСМ | . https :// t . co / p45KzhWQ9i |
| 28 | Додека штабот за кризи на | СДСМ | создава лажни вести , штабот за проекти на |
| 29 | Кој во | СДСМ | го мести вака СДСМ ? Имаат спот во кој |
| 30 | Кој во СДСМ го мести вака | СДСМ | ? Имаат спот во кој велат " пазете да не |
| 31 | пред 25 години !" Пред 25 години | СДСМ | беше на власт и цветаше корупцијата , |
| 32 | јас . Јас не сум ниту Зоран Заев , ниту | СДСМ | , јас верувам во презумпција на невиност |
| 33 | Најмалку што може | СДСМ | да направи е извинување кон Мизрахи |

Зборот „**ВМРО-ДПМНЕ**“ во твитовите на Зоран Заев се спомнува во 44 објави.

*Табела 7. Споменување на зборот „ВМРО-ДПМНЕ “ во твитовите на Зоран Заев*

| Бр. | Зборот „ ВМРО- ДПМНЕ “ во твитовите на Зоран Заев | | |
|---|---|---|---|
| 1 | е глас за сигурност, глас за | ВМРО- ДПМНЕ | е глас за опасност, на 15 јули |
| 2 | кампања водена од | ВМРО- ДПМНЕ | кампања која го оживеа режимот |
| 3 | поразиме срамниот однос на | ВМРО- ДПМНЕ | кон јавноста . |
| 4 | глас за да спречите влада на | ВМРО- ДПМНЕ | и нова опасност. |
| 5 | Покажи им на | ВМРО- ДПМНЕ | дека некои работи никогаш не се |
| 6 | Александар Николовски и | ВМРО- ДПМНЕ | преку дивоградби се пазареле за |
| 7 | 9.000 денари во времето на | ВМРО- ДПМНЕ | Просечна плата од 34.000 |
| 8 | Да не дозволиме | ВМРО- ДПМНЕ | да го уништи целиот труд кој |
| 9 | за сите граѓани подеднакво. | ВМРО- ДПМНЕ | се грижи само за обнова на |
| 10 | лажниот патриотизам на | ВМРО- ДПМНЕ | ќе го поразиме и ДУИ. |
| 11 | за иднината. Мицкоски и | ВМРО- ДПМНЕ | секој ден се разобличуваат |
| 12 | Ништо не се променило во | ВМРО- ДПМНЕ | Најбогата партија во Европа со |
| 13 | Лажните патриоти од | ВМРО- ДПМНЕ | никогаш нема да ги разберат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | нема да дозволат повторно | ВМРО- ДПМНЕ | да гази врз нивниот труд. |
| 15 | Глас за | ВМРО- ДПМНЕ | е глас за враќање на рудниците во |
| 16 | плата од 9.000 денари на | ВМРО- ДПМНЕ | во 2016 година . Концептот Парите |
| 17 | Деновиве и од спотовите на | ВМРО- ДПМНЕ | можете да ја видите |
| 18 | двојно повеќе пратеници од | ВМРО- ДПМНЕ | Сè додека не се реформираат и |
| 19 | граѓаните, од друга страна е | ВМРО- ДПМНЕ | која нуди само обнова на режимот |
| 20 | за заштита на здравјето , а | ВМРО- ДПМНЕ | итно да престане со опасните |
| 21 | и за да можат Мицкоски и | ВМРО- ДПМНЕ | на дело да ја покажат својата |
| 22 | | ВМРО- ДПМНЕ | е на потег, да излезе пред |
| 23 | Ова е за спас на државата. | ВМРО- ДПМНЕ | и Мицкоски се повикани да |
| 24 | беа лошите изненадувања што | ВМРО- ДПМНЕ | им ги приредуваше на |
| 25 | им се овозможи на Мицкоски и | ВМРО- ДПМНЕ | на дело да ја покажат својата |
| 26 | од Владата предводена од | ВМРО- ДПМНЕ | , за пократко време! |
| 27 | со КОВИД - 19 ако денес | ВМРО- ДПМНЕ | беше на власт? Не е тешко да |
| 28 | на економијата во времето на | ВМРО- ДПМНЕ | обезбедивме раст на БДП од + 3 |
| 29 | од избори на Мицкоски и | ВМРО- ДПМНЕ | Бегање нема, избори ќе има и |
| 30 | од одговорност! Мицкоски и | ВМРО- ДПМНЕ | сакаат да се одолговлекува |
| 31 | RT @ SDSMakedonija: | ВМРО- ДПМНЕ | ќе биде поразено кога и да се |
| 32 | | ВМРО- ДПМНЕ | ќе биде поразено кога и да се |
